ПРИЛОГ 8.А: ПРИНЦИПИ НА НАПЛАТА

1. Основа за пресметка на надоместоците се релевантните одредби содржани во Законот за електронски комуникации. Основа за пресметката на месечните надоместоци е Forward Looking LRIC трошковен модел а за еднократните надоместоци е методологијата на целосно распределени трошоци.

2. Елементите за наплата наведени во Прилог 8.Б (Надоместоци) содржат и Еднократни и Месечни надоместоци.

3. „Еднократен Надомест" значи надомест кој Страната Барател треба да го плати на Македонски Телеком АД со првата употреба на дадената Услуга.

4. „Месечен Надомест" значи надомест кој Страната Барател треба да го плаќа редовно, на месечна основа, на Македонски Телеком АД за користење на дадената Услуга, без оглед на фактичкото користење.

5. Еднократните Надоместоци и Месечните Надоместоци содржани во МАТЕРУО сочинуваат една целина, т.е. измена на било кој елемент на надоместоците бара измени и на други надоместоци, според методологијата за алоцирање на трошоци. Новите надоместоци се предмет на одобрување од страна на АЕК.

6. Еднократните Надоместоци и Месечните Надоместоци содржани во МАТЕРУО важат од првиот ден во месецот по 30-тиот (триесетиот) ден од одобрувањето на Надоместоците од страна на АЕК.

7. Надоместоците наведени во Прилог 8.Б (Надоместоци) се без ДДВ. Сепак, во однос на обврските за плаќање, ДДВ претставува составен дел од надоместоците кои се наплаќаат.

8. По откажувањето (раскинувањето) на Услугата или по раскинување на Договорот, Македонски Телеком АД не е обврзан да и го рефундира Еднократниот Надомест на Страната Барател.

9. Дополнителните услуги кои не се регулирани во МАТЕРУО ќе се наплаќаат на комерцијална основа. Овие дополнителни услуги не содржат услуги кои се неопходни за користење на Разврзан Пристап На Локална Јамка.